Република Македонија
НОТАР
СИМОНА НИКОЛИЌ
улица Народен фронт број 19 а, локал број 1, ДТЦ Беверли хилс
05.04.2019
(ден петти, месец април, година двеилјадидеветнаесетта)
12.00(дванаесетчасот)

Книга IV
ОДУ БРОЈ 103/19
Извод

Јас, нотар СИМОНА НИКОЛИЌ од Скопје ,со надлежност на подрачјето на Основните судови на град Скопје , потврдувам дека на 05.04.2019 година ( ден петти, месец април,година двеилјадидеветнаесетта)на барање на Владомир Петровски од Тетово, роден на ден 29.03.1962 година со живеалиште на улица Маршал Тито број 114-37, со лична карта со регистарски број А1350973 издадена од МВР Тетово, и ЕМБГ 2903962470065, како овластено лице од раководните органи на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ , присуствував на 29-та седница на собранието на акционерите на Банката со почеток во 12.00 (дванаесетчасот), во просториите на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ со седиште на улица Народен фронт број 19 а ,и притоа согласно член 92 од Законот за нотаријатот, (Службен весник на РМ број 72/2016 и 142/2016 и неговите измени) го составив следниот---------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

## ЗАПИСНИК ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ОД 29-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ

Со седиште на улица Народен фронт 19 а во Скопје со ЕМБС број 6121110. Со увид во изводот од Акционерската книга за ISIN MKTTKS101012 на ден 03.04.2019 година(ден трети, месец април,годинадвеилјадидеветнаесетта)-електронски запис, утврдив дека вкупната основна главнина на ТТК Банка АД СКОПЈЕ изнесува 907.888.000,00 МКД со број на издадени обични акции 907.888 сопственост на имателии на акции според акционерската книга.------------------------------
Со увид во приложената документација утврдив дека собранието е свикано врз основа на донесена Одлука број 02-1674/2 од 27.02.2019 година за свикување на Дваесет и деветтото собрание на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ, од страна на Надзорниот одбор на Банката, донесена на оддржаната седница на Надзорниот одбор на ден 27.02.2019 година.(ден дваесет И седми,месец февруари,година двеилјади и деветнаесетта)Дваесет и деветтото собрание на акционери на Банката беше свикано со јавен повик за учество на седницата на собранието на акционери објавен во весникот Вечер на ден 02.03.2019 година.(ден втори, месец март ,година две илјади и деветнаесетта)------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Составен дел на овој записник е и списокот на пријавени и присутни иматели на акции, нивни застапници или полномошници кои присуствуваа на оддржаното собрание и истиот своерачно го потпишаа.---------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
На собранието според верификуваниот список присуствуваа следните иматели на акции, нивните законски застапници или полномошници:-------------------------------------------------------------------------
За ВОЛНАРСКИ КОМБИНАТ ТОДОР ЦИПОВСКИ -МЕРЏАН ТЕТЕКС АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО -ТЕТОВО извршниот член на одборот на директорите г-н Глигорие Гоговски ,г-н Глигорие Гоговски и г-н Борислав Трповски -лично, г-н Методија Несторовски,г-н Драгољуб Арсовски,г-н Зоран Колев,г-н Горан Томовски, За ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ПЕТРОЛГАС ДООЕЛ Тетово полномошникот г-ѓа Патриша Трајковска, г-н Димитри Трповски, г-н Бобан Гоговски, г-ѓа Наталија Алексова ,г-ѓа Патриша Трајковска,г-н Томе Волкановски, за Орце Стојчевски полномошникот Иван Ортаковски, за Иван Лазарески полномошникот Иван Ортаковски, г-Зоран Јовановски, г-н Зоран Ацев, г-н Тихомир Мукаетов, г-ѓа Иванка Гоговска,г-н Моме Веселиновски,г-н Дарко Стојков,За АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје полномошникот Дарко Стојков ,За Елена Пазарџиевска Ристовска полномошникот Иван Ортаковски,за Јасмина Пазарџиевска Глигорова полномошникот Иван Ортаковски,За ТИМ'С ДОО Скопје полномошникот Владе Пазарџиевски, За ТИМ-Инженеринг ДООЕЛ Скопје законскиот застапник Владе Пазарџиевски,г-н Владе Пазарџиевски,г-н Благој Митров, и г-н Мeџит Цапа лично
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Дваесет и деветтата седница на собранието на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ја отвори и со пригоден говор ја започна м-р Глигорије Гоговски, претседателот на Надзорниот Одбор на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ, и притоа ги поздрави присутните акционери-иматели на акции и нивни полномошници,членовите на Управниот одбор,членовите на Надзорниот одбор, и притоа констатира дека оваа седница на собранието на акционерите се оддржува врз основа на донесената Одлука број 02-1674/2 од 27.02.2019 година за свикување на Дваесетидеветтото собрание на акционери на ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ, од страна на Надзорниот одбор на Банката, донесена на оддржаната седница на Надзорниот одбор на ден 27.02.2019 година.-----------------------------------------
Ги извести присутните иматели на акции, нивни застапници и полномошници кои присуствуваа на

Претседавач г-н Томе Волкановски ________ср___________

седницата дека записникот за потврдување на одлуките од дваесет и деветтата седница на Собранието на акционери на ТТК БАНКА АД Скопје ке го изготви нотар Симона Николиќ. -------------
На предлог на Претседателот на Надзорниот одбор на ТТК БАНКА АД Скопје м-р Глигорие Гоговски се пристапи кон одлучување по 2-та точка од процедуралниот дел од дневниот ред на Собранието односно изборот на Претседавач на ова Собрание на акционерите.------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
На предлог од г-н Драгољуб Арсовски, присутните акционери, законските застапници и полномошници на акционерите за претседавач на 29-тата седница на собранието на ТТК Банка АД Скопје, беше избран и едногласно изгласан, еден од акционерите г-н Томе Волкановски
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот Томе Волкановски констатира дека во законските рокови се задоволени сите услови за оддржување на ова Собрание на акционерите, односно дека на истото се присутни основачите и запишувачите на акции кои имаат во сопственост мнозинство од сите акции и дека постои кворум за работа на Собранието и за негово полноважно одлучување. Притоа им укажа на присутните дека во законските рокови освен предлог одлуките за дополнување на дневниот ред од страна на акционерот ТЕТЕКС АД Тетово објавени во весникот Вечер на ден 12.03.2019 година дека не се доставени други предлози за измена или дополнување на дневниот ред за оваа седница утврден во донесената одлука од страна на Надзорниот одбор за свикување на истата.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Дневниот ред се состои од :--------------------------------------------------------------------------------------------

**I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. ОТВОРАЊЕ НА СОБРАНИЕТО;
2. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕТО;

**II.РАБОТЕН ДЕЛ:**

1. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2018 ГОДИНА И МИСЛЕЊЕ ПО ИСТИОТ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ И МИСЛЕЊЕТО;
2. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА РЕВИДИРАНИ ОД ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА "ГРАНТ ТОРНТОН "ДОО СКОПЈЕ И МИСЛЕЊЕТО ЗА ИЗВЕШТАИТЕ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР,СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ И МИСЛЕЊЕТО;
3. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ГОДИШНА СМЕТКА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ;
4. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ СО 01.01. 2018 ГОДИНА;
5. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УПОТРЕБА И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕРАСПРЕДЕЛЕНАТА ДОБИВКА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА;
6. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ДИВИДЕНДАТА И ДАТУМИ НА ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДА ЗА 2018 ГОДИНА (ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР);
7. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2018 ГОДИНА СО ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ;
8. РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ВРШЕЊЕ РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ;
9. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКИ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН/ОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ;

Дневниот ред беше ставен на гласање и истиот едногласно беше усвоен од страна на сите присутни иматели на акции, законските застапници и полномошници на акционерите.-------------------
Претседавачот Томе Волкановски , се заблагодари на изборот и искажаната доверба од страна на присутните и притоа констатираше дека на 29-тата седница на Собранието на акционерите на Банката присутни се акционери и претставници на правни и на физички лица акционери иматели на 557.488 обични акции, што од вкупно запишаните 907.888 обични акции со право на глас претставува 61,40 %--------------------------------------------------------------------------------------------
По исцрпувањето на процедуралниот дел од дневниот ред, претседавачот им предложи на присутните да пристапат кон одлучување по работниот дел од дневниот ред на Собранието составен од 9(девет)точки.------------------------------------------------------------------------------------------

- Претседавачот г-н Томе Волкановски за првата точка од дневниот ред-РАЗГЛЕДУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2018 ГОДИНА И МИСЛЕЊЕ ПО ИСТИОТ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ И МИСЛЕЊЕТО отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, ја затвори расправата и предложи да се гласа по 1-та точка од работниот дел од дневниот ред.-----------------------

Претседавач г-н Томе Волкановски ________ср___________

Книга IV
ОДУ број 103/19
Извод

За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2018 ГОДИНА И МИСЛЕЊЕТО ПО ИСТИОТ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР, е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.**-----------------------------------------------------------------------------------------------

- За втората точка од дневниот ред РАЗГЛЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА РЕВИДИРАНИ ОД ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА "ГРАНТ ТОРНТОН "ДОО СКОПЈЕ И МИСЛЕЊЕТО ЗА ИЗВЕШТАИТЕ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР,СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ И МИСЛЕЊЕТО ,претседавачот г-н Томе Волкановски отвори расправа,во расправата никој од присутните не зеде учество ,претседавачот ја затвори расправата и ја стави Предлог-Одлуката на гласање.За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.-----------------------------------------------------------------------------------------------

  **Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА РЕВИДИРАНИ ОД ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА "ГРАНТ ТОРНТОН "ДОО СКОПЈЕ И МИСЛЕЊЕТО ЗА ИЗВЕШТАИТЕ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР,е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.**------------------------------

- Претседавачот г-н Томе Волкановски за третата точка од дневниот ред- РАЗГЛЕДУВАЊЕ ГОДИШНА СМЕТКА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, ја затвори расправата и предложи да се гласа по 3-та точка од работниот дел од дневниот ред.За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.-----------------------------------------------------------------------------------------

  **Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА, е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.**-----------------------------------------------------------------------------

- За четвртата точка од дневниот ред РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ СО 01.01.2018 ГОДИНА;претседавачот г-н Томе Волкановски отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, претседавачот ја затвори расправата и предложи да се гласа по 4-та точка од работниот дел од дневниот ред.За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.------------------------------------------------------------

  **Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ СО 01.01.2018 ГОДИНА е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.**-----------------------------------------------------------------------------------------------

- За петтата точка од дневниот ред РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УПОТРЕБА И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕРАСПРЕДЕЛЕНАТА ДОБИВКА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА; претседавачот г-н Томе Волкановски отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, претседавачот ја затвори расправата и предложи да се гласа по 5-тата точка од работниот дел од дневниот ред.За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.---------------------------

  **Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА УПОТРЕБА И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕРАСПРЕДЕЛЕНАТА ДОБИВКА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.**------------------------------------------------

- За шестатта точка од дневниот ред РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ДИВИДЕНДАТА И ДАТУМИ НА ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДА ЗА 2018 ГОДИНА (ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР),претседавачот г-н Томе Волкановски отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, ја затвори расправата и предложи да се гласа по 6 -тата точка од работниот дел од дневниот ред. За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.---------------------------

Претседавач г-н Томе Волкановски ________ср___________

---

**Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ДИВИДЕНДАТА И ДАТУМИ НА ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДАТА ЗА 2018 ГОДИНА (ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР) е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.------------**

- Претседавачот г-н Томе Волкановски за седмата точка од дневниот ред-РАЗГЛЕДУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2018 ГОДИНА СО ПРЕДЛОГ -ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, ја затвори расправата и предложи да се гласа по 7-та точка од работниот дел од дневниот ред. За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.----------------------------

**Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2018 ГОДИНА е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.---------------------------**

- За осмата точка од дневниот ред РАЗГЛЕДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ВРШЕЊЕ РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ претседавачот г-н Томе Волкановски отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, ја затвори расправата и предложи да се гласа по 8 та точка од работниот дел од дневниот ред.За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.-----------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР на ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ ЗА ВРШЕЊЕ РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД 2019 -2023 ГОДИНА е полноправно усвоена од страна на присутните иматели на акции.------------------------------------------------------------------------------**

- За деветтата точка од дневниот ред РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКИ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН/ОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ; претседавачот г-н Томе Волкановски отвори расправа и ги повика присутните да земат учество во расправата.Со оглед на фактот што никој од присутните не зеде учество во истата, ја затвори расправата и предложи да се гласа за 9- та точка од работниот дел од дневниот ред.За усвојувањето на истата гласаа акционери-иматели на 557.488 обични акции,што од вкупно присутните акционери иматели на 557.488 обични акции, претставува 100 %.Гласови ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше.-----------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ БР 02-4146/17 ОД 14.04.2016 ГОДИНА И ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ БР.02-10895/1 ОД 31.10.2016 ГОДИНА се полноправно усвоени од страна на присутните иматели на акции.**-----------------------------------------------

Седницата заврши во 12.30 (дванаесетчасотитриесетминути).------------------------------------------

Составен дел од овој записник се Одлуката од Надзорниот одбор за свикување на седницата на Собранието,Список на верифицирани акционери заверен од претседавачот и нотарот, Извод од акционерска книга од ЦДХВ-електронски запис , и одлуки по материјалите согласно дневниот ред на седницата. на Собранието.------------------------------------

---

Овој записник лично го составив и истиот е сочинет на четири страници на четири листа.

Овој записник е составен во четири еднообразни примероци. ------------------------------------------

Нотарска такса за ваков вид на дејствие не е предвидена.-------------------------------------------

Нотарската награда според чл. 41 од Нотарската тарифа е пресметана во висина од 10.000,00.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот е прочитан и потпишан од претседавачот
г-н Томе Волкановски ________________ср________________

ОДУ 103/19
Скопје, 05.04.2019

- (ден петти, месец април, година двеилјадидеветнаесетта)
12.30(дванаесетчасотитриесетминути)

НОТАР
СИМОНА НИКОЛИЌ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СИМОНА
НИКОЛИЌ
СКОПЈЕ

Јас, **НОТАР СИМОНА НИКОЛИЌ**
ул. Народен Фронт број 19а, лок 1, ТЦ Беверли Хилс
потврдувам дека е овој извод е идентичен со изворникот
Овој е **трет** извод- потполн -во извадок,
кон кого не се приложени-се приложени / преписи од прилогот на нотарската исправа

Број ОДУ број 103/19
Во Скопје 05.04.2019

НОТАР

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на Скопје
НОТАР
СИМОНА НИКОЛИЌ
СКОПЈЕ